Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-190/6
______ година
02-05-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08-190/5 од 20.04.2023 година, , поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за неповедување постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКАТА** по претставката бр. 08-190/5 од 20.04.2023 година, , поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми, согласно член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### Образложение

На 20.04.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен поднесок од [redacted] од Скопје, насловен како "Барање за преиспитување на отфрлена претставка", кој по својата содржина ги содржи сите елементи на претставка за заштита од дискриминација, пропишани во чл. 24, ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во поднесокот подносителите бараат од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, повторно да постапува по претставка бр. 08-190/1 од 23.02.2023 година. Цитираната претставка подносителите ја поднеле против [redacted] за сторено вознемирување врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми. Комисијата одлучувајќи по таа претставката, на 24.03.2023 донесе мислење бр. 08-190/4 со кое не се утврдува вознемирување врз основа на пол припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен

статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

Имајќи предвид дека Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапувала по претставката и донела мислење за истата правна работа, а подносителите не нудат нови факти и околности, Комисијата заклучи дека се исполнети законските услови од член 27 став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој пропишува дека Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.

Согласно наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и не поведе постапка по претставката 08-190/5 од 20.04.2023 година.

Скопје
19.08.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]